# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА

**Сл.Весник на Р.Македонија бр.14 од 03.02.2006 година**

### Член 1

Во Законот за заштита на природата ("Службен весник на Република Македонија" број 67/2004) во членот 139 став 1 по точката 4 се додава нова точка 5, која гласи:
"5) ја утврдува висината на надоместоците пропишани со членот 141-а на овој закон;".
Точките 5 и 6 стануваат точки 6 и 7.
Во ставот 2 по зборовите: "точка 1" се додаваат зборовите: "и на висината на надоместоците од ставот (1) точка 5 на овој член".

### Член 2

По членот 141 се додава нов член 141-а, кој гласи:
"Член 141-а Финансирање на јавната установа - Национален парк
Јавната установа Национален парк се финансира од:
- надоместок за влез и посета на национален парк;
- надоместок за паркирање во национален парк;
- надоместок за посета на посебни објекти во национален парк;
- надоместок за контролиран отстрел на диви животни и собирање на диви видови растенија и габи и други шумски плодови во национален парк;
- надоместок за престој во национален парк;
- средства стекнати за вршење на активности согласно со членовите 105 и 106 од овој закон и
- други извори (донации, грантови, кредити, подароци, легати и друго)."

### Член 3

Во членовите 161 точки 2, 3, 4 и 6, 165 ставови 1 и 3 точки 1 и 2, 166 став 3 точка 1 и 167 став 1 по зборовите: "заштитено подрачје", односно по зборовите: "заштитените подрачја" се става запирка и се додаваат зборовите: "освен во заштитеното подрачје национален парк".

### Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".